Како резултат на извршената ревизија на успешост, ревизијата го донесе следниот:

**Заклучок**

Согласно Програмата за развој и остварување на заштита на деца за 2006 година предвидено е со цел да се задржи сегашниот број на деца и обезбеди зголемен опфат во 2006 година ќе се преземаат мерки и активности за обезбедување на дополнителни средства по основ на донации, грантови и сл., како и реализација на програми и проекти врз основа на меѓусекторска соработка и соработка со единиците на локалната самоуправа. Средствата кои ќе бидат обезбедени по овој основ ќе се насочат во функција на задржување на сегашниот опфат на деца и остварување на развојот на децата од оваа возраст, односно зголемен опфат на деца преку создавање на соодветни услови за престој на децата со различни материјални можности во семејството.

Утврдивме дека опфатот на деца во 2006 година во однос на 2005 година е зголемен. Меѓутоа, утврдувањето на оптимален опфат на деца во ЈУДГ во 2005 и 2006 година е отежнато поради подготвување и дистрибуирање на податоци од ЈУДГ за бројот на деца кои меѓусебно се разликуваат. Разликите се последица на примена на различни критериуми за опфат на деца – број на запишани и број на присутни деца поради тоа што МТСП на РМ не воспоставило критериуми за единствени податоци кои ќе се добиваат од ЈУДГ и не вршело контрола согласно член 116 од ЗЗД. Кон ова придонесува и недоволниот капацитет на човечки ресурси во Секторот за заштита на деца при МТСП на РМ. Од истите причини во МТСП на РМ не се врши и понатамошна анализа на собраните податоци. Примената на различните критериуми резултира со прикажување на поголем број од реалниот број на деца и групи во ЈУДГ. Овие различни податоци за опфатот на деца имаат влијание на висината на буџетираните средства за плати кај МТСП на РМ и наменските дотации од општините. Кај ЈУДГ утврдивме дека истите работат со различен капацитет на опфат на деца од тој кој е проектиран за ЈУДГ. Дел од нив работат со поголем опфат на деца, дел работат под проектираниот капацитет со кое се доведени во отежнати услови на реализација, редовните активности на ЈУДГ. Ова состојба е резултат на примена на несоодветни критериуми за прием на деца, слободни места и корекција на проектираниот капацитет поради отстапување на користење на дел од просторот за други намени која не е извршена кај 7 ЈУДГ. Ова укажува дека ЈУДГ работат со поголем опфат на деца во однос на расположливиот простор. Ваквата состојба со опфатот резултира со утврдени неправилности во бројот на групите, бројот на деца по групи, насловите на групи, бројот на извршители во групи како и вклучување на деца со посебни потреби во групи кои го надминуваат нормативот. Утврдивме дека поради зголемениот опфат, примена на неусогласени критериуми при прием на деца, реалната состојба со бројот на групите, бројот на деца по групи, насловите на групи, бројот на извршители во групи како и вклучување на деца со посебни потреби, не е усогласена со нормативите утврдени во позитивната законска регулатива од оваа област. Утврдените состојби укажуваат дека делот за реализација од Програмата со цел задржување на сегашниот број на деца и обезбедување на зголемен опфат во 2006 година преку создавање на соодветни услови за престој на деца, се соочува со тешкотии при нејзината реализација.

Како дел од причините за настанување на опишаните состојби во ЈУДГ беа наведени и следните:

- Старосната структура на населението – повозрасно население;
- Економско - финансиската состојба на населението - невработеност;
- Опаѓање на наталитетот;
- Плаќање на режиски трошоци и во случај на отсуство на дете;
- Поместување на старосната граница за запишување на децата во училиштата.

Согласно Програмата за 2006 година, целите и задачите од Програмата предвидено е да се остварат и преку други облици на заштита на деца - унапредување на воспитно образовната работа преку воведување на нови методи во програмите, спроведување на проекти за деца со пречки во телесниот и интелектуалниот развој и спроведување на проекти, програми и едукација на стручниот и друг кадар и други активности. Од аспект на стручното усовршување на воспитно образовниот кадар во ЈУДГ, утврдивме дека МТСП на РМ нема пропишано начин и постапка за усовршување кое негативно влијае врз квалитетот на кадарот. Од предвидените форми на стручно усовршување реализирани се само семинарите за воспитно - образовната работа во подготвителната година. МТСП на РМ не ја врши оценката за самостојно извршување и осовременување на воспитно образовната работа во ЈУДГ пропишана во ЗЗД. Во ЈУДГ утврдивме дека се спроведува интерен начин на стручно усовршување кој зависи од интересот на самата ЈУДГ. Во дел од ЈУДГ се спроведени облици на стручно усовршување – Монтесори педагогија во организација на МТСП на РМ и ГТЗ.

Од страна на МТСП на РМ не се врши надзор над стручната работа во остварување на процесот на згрижување и воспитување на децата како што е регулирано со ЗЗД. Од МОН на РМ - БРО како надлежно за вршење надзор над остварување на образовната работа, не е спроведен овој вид на надзор од 2004 година наваму. Областа за надзор над остварувањето на образовната работа во ЈУДГ е регулирана со одредби во три закони.

Институциите во РМ надлежни секоја од аспект на посебна законска регулатива од оваа област треба да ја интензивираат меѓусебната соработка со единствена цел – подобрување на условите во кои се згрижени, се воспитуваат и образуваат децата од предучилишна возраст во РМ, односно најсуптилната популација која претставува иднина на секое општество.